Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 20.09.2016 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4509 | 1 | |

17:54

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со 18 (осумнаесетте) писмени извештаи за извршен надзор (мониторинг) за периодот од 2 до 11 септември 2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставени се 18 (осумнаесет) писмени извештаи за извршен надзор (мониторинг), и тоа:

1. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје бр.10-4460/1 од 17.09.2016 година,
2. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје бр.10-4461/1 од 17.09.2016 година,
3. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип бр.10-4471/1 од 17.09.2016 година,
4. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје бр.10-4472/1 од 17.09.2016 година,
5. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје бр.10-4462/1 од 17.09.2016 година,
6. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје бр.10-4466/1 од 17.09.2016 година,
7. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје бр.10-4463/1 од 17.09.2016 година,
8. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово бр.10-4468/1 од 17.09.2016 година,
9. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје бр.10-4459/1 од 17.09.2016 година,
10. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1) бр.10-4455/1 од 17.09.2016 година,
11. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Трет програмски сервис бр.10-4458/1 од 17.09.2016 година,
12. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Прв програмски сервис бр.10-4456/1 од 17.09.2016 година,

13. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2) бр.10-4457/1 од 17.09.2016 година,
14. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.10-4464/1 од 17.09.2016 година,
15. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје бр.10-4467/1 од 17.09.2016 година,
16. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје бр.10-4469/1 од 17.09.2016 година,
17. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје бр.10-4470/1 од 17.09.2016 година и
18. Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп бр.10-4465/1 од 17.09.2016 година

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) е член 75 став 1 од Изборниот законик („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“) и член 75-б од Изборниот законик („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“). Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.

По разгледување на погоре наведените писмени извештаи за извршен надзор (мониторинг) Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага да не се преземаат мерки.

## О б р а з л о ж е н и е

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 17.09.2016 година беа доставени 18 (осумнаесет) писмени извештаи за извршен надзор (мониторинг) над изборното медиумско претставување на: Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје, Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Трет програмски сервис, Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Прв програмски сервис, Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), Трговското радиодифузно

друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, емитуван во периодот од 2 до 11 септември 2016 година.

По разгледување на сите 18 (осумнаесет) извештаи погоре наведени во овој предлог, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека радиодифузерите кои беа предмет на надзор (мониторинг) се обидоа да обезбедат ставови од повеќе извори со цел презентирање на јавноста на различни гледишта, при што се обидоа да ги издвојат новинарските жанрови, извештај од коментар/осврт, со цел, јавноста да може јасно да разликува што е информација за настан, а што коментар/став за одреден настан, тема, поради што се предлага да не се преземаат мерки.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Слаѓана Димишкова ____________
2. Љубомир Костовски ____________
3. Горан Трпеноски ____________
4. Цветин Чилиманов ____________
5. Љуљзим Хазири ____________